ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2022 ГОДИНА НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
# СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637)

01 2024 07 03/2

Скопје, август 2024 година

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Општина Гевгелија, на сметката на основен буџет (637), за 2023 година.

Со извршената ревизија, изразивме неповолно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2023 година и за усогласеност со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

Извршена е ревизија и издаден е Конечен извештај за финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Општина Гевгелија, сметка на основен буџет (637), за 2008 година, во кој е изразено неповолно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи како и за усогласеност со закони и прописи.

Спроведувањето на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2008 година, не беше предмет на оваа ревизија, од причина што од последната ревизија на општината изминат е подолг временски период и настанати се промени во законската регулатива со која е уредено работењето на единиците на локална самоуправа.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност кај Општина Гевгелија, сметка на основен буџет (637) за 2023 година, констатирани се следниве состојби:

- неевидентирани долгорочни обврски по основ на кредити и основачки влог на Фондација за локален развој и информатички технологии;
- не целосно и неправилно извршен попис на средствата и обврските;
- исплатени средства за подигање и одржување на јавно зеленило без донесена годишна програма и усвоена Стратегија за развој на зеленилото;
- слабости во начинот на ангажирање на лица по договор на дело и договор за вршење на услуги;
- неправилности во постапките за јавни набавки, односно набавки на стоки и услуги без спроведени постапки и пречекорување на вредносни прагови и
- не целосно воспоставен систем на внатрешни контроли кои треба да обезбедат правилно, економично, ефикасно и ефективно управување со ресурсите.

Со цел подобрување на состојбите, ревизијата даде препораки за преземање на мерки и активности заради надминување на утврдените состојби.

Во делот Нагласување на прашања, ревизијата обелоденува за учеството во вложувања на обични акции во акционерско друштво, за кои сметката на издавачот на хартиите од вредност се отстранува од активниот систем на Депозитарот поради отворена стечајна постапка од март 2016 година врз издавачот на хартии од вредност.

Од страна на законскиот застапник на субјектот Општина Гевгелија, на ден 06.08.2024 година, добиено е известување дека нема забелешки на Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор.

С О Д Р Ж И Н А


| Опис | | Страна |
|---|---|---|
| 1. | Вовед | 1 |
| 2. | Мислење на ревизијата | 2 |
| 3. | Основ за изразување на мислење | 2 |
| 3.1. | Основ за неповолно мислење за финансиските извештаи | 3 |
| 3.2. | Основ за неповолно мислење за усогласеност со закони и прописи | 7 |
| 4. | Нагласување на прашања | 10 |
| 5. | Законска основа за ревизијата и временски период | 11 |
| 6. | Опфат и ограничувања | 11 |
| 7. | Одговорност за финансиски извештаи | 11 |
| 8. | Одговорност на ревизорите | 12 |
| 9. | Недостатоци во внатрешната контрола | 13 |
| 10. | Корекции во текот на ревизијата | 14 |
| 11. | Одговор на ревидираниот субјект | 15 |

Финансиски извештаи за 2023 година

Биланс на приходи и расходи 16

Биланс на состојба 17

Преглед на промени на извори на капиталните средства 18

Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи

Вовед 19

Сметководствени политики 21

Образложенија кон финансиските извештаи 23

## Список на кратенки

| | |
|---|---|
| ЕДБ | Единствен даночен број |
| ЕМБГ | Единствен матичен број на граѓани |
| ЗЕЛС | Заедница на единиците на локалната самоуправа |
| МЗШВ | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство |
| НВО | Невладини организации |
| УЈП | Управа за јавни приходи |

Број: 16-159/17
Дата: 15.08.2024

## 1. Вовед

Општина Гевгелија е единица на локална самоуправа, во која граѓаните го остваруваат правото на локална самоуправа непосредно и преку претставници во органите на општината. Подрачјето на општината е утврдено согласно Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија[1] и своите надлежности ги извршува согласно Законот за локална самоуправа[2]. Согласно Законот за територијална организација на локалната самоуправа Општина Гевгелија ги опфаќа селата: Богородица, Ѓаброво, Даводово, Кованец, Конско, Миравци, Милетково, Моин, Мрзенци, Негорци, Ново Конско, Петрово, Прдејци, Серменин, Смоквица и Ума.

Општина Гевгелија, согласно член 22 од Законот за локалната самоуправа, ги врши работите од јавен интерес од локално значење на општината што се однесуваат на: планирање и уредување на просторот, заштита на животната средина и природата, локален економски развој, комунални дејности, култура, образование, спорт, социјална и детска заштита, здравствена заштита, противпожарна заштита на подрачјето на Општина Гевгелија, надзор над вршењето на работите од надлежност на општината.

Општина Гевгелија, во рамките на Законот за локална самоуправа, има право на своето подрачје да врши работи од јавен интерес од значење за општината, што не се исклучени од нејзина надлежност или не се во надлежност на органите на државната власт. Определувањето на работите, дефинирањето на нивната содржина, начинот и постапката на нивното вршење се уредуваат со посебни одлуки на Советот.

[1] „Сл. Весник на Република Македонија" бр. 55/04, 12/05, 98/08, 106/08 и 149/14
[2] „ Сл. Весник на Република Македонија" бр. 5/02

## 2. Мислење на ревизијата

Извршивме ревизија на :

- финансиските извештаи на страна од 16 до 18 на Општина Гевгелија, на сметката на основен буџет (637), за 2023 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходите и расходите за годината која завршува со тој датум, Промени на извори на капитални средства, применетите сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.
- усогласеноста на активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Општина Гевгелија за 2023 година на сметката на основен буџет (637) со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.1 финансиските извешти не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Општина Гевгелија на ден 31 декември 2023 година на сметката на основен буџет (637), како и резултатите од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.2. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Општина Гевгелија за 2023 година, на сметката на основен буџет (637), не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 3. Основ за изразување на мислење

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI) и Кодексот на етика на Државниот завод за ревизија. Одговорностите согласно ISSAI се опишани во делот на Одговорност на ревизорите за ревизијата на финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме обезбедено се доволни и соодветни за да обезбедат основ за нашето ревизорско мислење.

### 3.1. Основ за неповолно мислење за финансиските извештаи

3.1.1. Општина Гевгелија, согласно Планот на развојни програми за период 2016-2023 година, реализирала проекти за подобрување на системот за водоснабдување[3], реконструкција и надградба на средно општинско училиште и изградба на водоводна, фекална и атмосферска канализациона мрежа[4], во вкупна вредност од 157.975 илјади денари. Средствата за изведба на инвестиционите проекти, се обезбедени по пат на долгорочно задолжување на Општината Гевгелија по договор[5] кај МФ, во рамки на проектот за подобрување на општинските услуги и кај деловна банка. Општината долгорочно се задолжила, согласно барањата на член 18 и 20 од Законот[6] за финансирање на единиците на локалната самоуправа, со одобрение од советот на општината, по претходно одржана јавна расправа и дадена согласност од Владата по предлог на МФ. Согласно склучените договори, долгорочните кредити се со рок на отплата од 13, 12 и 10 години и грејс период од 3 и 2 години, а заклучно со 31 декември 2023 година, општината исплатила 29,88% од вкупната инвестиција по доспеани ануитети. Во сметководствената евиденција не е евидентирана обврската по долгорочни кредити, која на крајот на година предмет на ревизија изнесува 110.774 илјади денари.

Ваквото постапување не е во согласност со одредбите на член 2 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, според кој буџетите и буџетските корисници се должни да водат сметководство во согласност со прифатените сметководствени принципи, сметководствено прифатената практика и сметководствени стандарди, со цел точно вистинито, сигурно, сеопфатно, благовремено, ажурно и поединечно искажување на билансните позиции, состојбата на средствата, обврските, изворите на средства.

Неевидентирањето на долгорочните обврски по основ на кредити влијае на реалноста и објективноста на искажаните обврски во Билансот на состојба со 31.12.2023 година.

Препорака:
Градоначалникот да преземе мерки за евидентирање на обврските по долгорочно задолжување и водење на сметководствената евиденција согласно прифатените сметководствени принципи, практика и стандарди.

---

[3] на градот Гевгелија и населените места Мрзенци, Моин и Богородица
[4] на улица „Свети Климент Охридски“ во Гевгелија
[5] Договор за под заем МСИП2 број 03-1577/1 од 01.07.2016 година
Договор за под заем МСИП2 број 03-1113/1 од 13.07.2018 година
Договор за одобрување долгорочен кредит број 03-2592/1 од 29.12.2022 година
[6] (“Службен весник на РМ” бр. 61/04, 96/04, 22/07, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18, „Службен весник на РСМ“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22)

3.1.2. Со Одлука[7] на Советот на Општина Гевгелија, општината е еден од основачите на фондацијата за локален развој и развој на информатички технологии, чија основна цел е да учествува и го помага локалниот развој и зацврстувањето на демократијата. Согласно член 3 од одлуката, општината како основач на фондацијата учествува со непаричен влог од 265 илјади денари.

Од извршениот увид во доставената документација, утврдивме дека основачкиот влог е запишан во Трговски регистар и регистарот на други правни лица при Централниот регистар, но не е евидентиран во деловните книги на Општина Гевгелија. Ваквата состојба не е во согласност со одредбите на член 19 од Закон за сметководството на буџетите и буџетските корисници, што подразбира реално и објективно прикажување на билансните позиции според сметководственото начело на парично искажување.

Препорака:

Градоначалникот и Секторот за финансиски прашања, да преземат активности за евидентирање на основачкиот влог во деловните книги на општината.

3.1.3. Согласно одредбите од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, општината има обврска најмалку еднаш годишно да изврши попис на средствата и обврските и да ја усогласи нивната сметководствена со фактичка состојба утврдена со пописот. За вршење на пописот донесено е Решение[8] со кое е формирана пописна комисија и изготвен е Извештај[9] за извршениот попис со состојба 31.12.2023 година.

Со увид на презентираниот пописен материјал, утврдени се следните состојби:

- пописните листи се составени без нумерација, датум на утврдената состојба, кога почнал и кога завршил пописот, непотпишани од лицата кои располагаат со средствата, што не е во согласност со одредбите на член 30 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници со кој се определени работите што треба да ги изврши Пописната комисија;
- не е извршен попис на градежни објекти, опрема, земјиште и други материјални добра и попис на состојбата на материјалните средства во подготовка искажани во сметководствената евиденција, а во извештајот на пописната комисија, евидентирана е збирна, вкупна набавна и сегашна

[7] Одлука за учество на општина Гевгелија во основањето на фондацијата за локален развој број 07-67/1 од 17.05.2001 година
[8] Решение за формирање на комисија за вршење на годишен попис на постојните средства за 2023 година број 05-1912/1 од 30.11.2023 година;
[9] Извештај за извршениот попис на Општина Гевгелија со состојба 31.12.2023 број 05-177/1 од 29.01.2024 година.

вредност за градежните објекти, опрема, земјиште и други материјални добра и нематеријални права. Ваквото постапување на комисијата не е во согласност со одредбите на член 22 став 2 и член 31 став 1 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници;

- пописот на обврските не е извршен согласно член 31-в став 1, точка 1, 2 и 5 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, односно комисијата за попис не го утврдила правниот основ за постоење на обврските, не потврдила дека преземените обврски се уредно, хронолошки, целосно и правилно евидентирани во сметководствената евиденција и не ги утврдила причините за неплатените обврски спрема добавувачите;
- податоците во пописните листи на материјалите и ситниот инвентар на залиха се внесени врз основа на податоци од сметководствената евиденција, односно влезни документи, без да се врши мерење и пребројување, при што е искажан вишок од 64 илјади денари, кој е по основ на неевидентирани издатници по требувања за материјалите и ситниот инвентар кои се издадени и ставени во употреба. Ваквата состојба не е во согласност со член 31-а став 1 точка 1 и член 33 став 2 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници;
- од страна на пописната комисија даден е предлог за расходување на дел од движните ствари кои се надвор од функција и неупотребливи по што е извршен отпис на опремата во вредност од 121 илјада денари без одлука од советот на општината и
- не е извршен попис на 46 мобилни телефони во вредност од 883 илјади денари (субвенција), кои не се евидентирани во сметководствената евиденција.

Нецелосно и неправилно извршениот попис, има влијание на објективноста и реалноста на искажаните средства и обврски во Билансот на состојба на ден 31.12.2023 година.

Препорака:

Градоначалникот да преземе мерки и активности за спроведување на пописот на средствата и обврските на начин регулиран со постојните законски одредби во однос на:

- утврдување, мерење, пребројување и поблиско опишување на средствата, внесување на податоците во пописните листи и усогласување на сметководствената со фактичката состојба;
- со решение да го усвои извештајот од пописната комисија, а доколку не е согласен да даде образложение и
- отписот на средствата и обврските да се заснова на одлука донесена од советот на општината.

3.1.4. Буџетите и буџетските корисници се должни да водат деловни книги во согласност со одредбите на Закон за сметководството на буџетите и буџетските корисници, прифатената стандардна сметководствена практика и сметководствени стандарди, преку кои се обезбедуваат еднообразни евиденции за согледувања за состојбата и за движењата на средствата, обврските, изворите на средствата, приходите и другите приливи, за расходите и другите одливи и резултатот од работењето.

Општина Гевгелија, води сметководствена евиденција врз основа на апликации кои не се интегрирани во единствен систем.

Со анализа и споредба на податоците од сметководствената евиденција ги утврдивме следните состојби:

- поради несоодветно пренесени почетни состојби постои неусогласеност на електронската база на податоци со податоците од финансиските извештаи кај краткорочните обврски за плати и други обврски спрема вработените за 2.894 илјади денари. Ваквата состојба не е во согласност со одредбите на член 9 став 3 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, почетните состојби на главната книга на почетокот на фискалната година мораат да бидат усогласени со заклучните состојби на крајот на претходната фискална година.
- не се испочитувани барањата утврдени со одредбите на член 10 став 1 и став 2 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, односно на крајот на фискалната година не е извршено заклучување, отпечатување и поврзување на деловните книги, а дневникот и главната книга не се потпишани од овластеното лице и одговорниот сметководител, со кој потпис се потврдува точноста и усогласеноста на податоците со законските одредби.

Со ваквиот начин на внесување и обработка на податоците на настанатите финансиски промени, односно трансакции, општината не го запазила начелото на правилно водење на сметководството, што влијае на точноста, целосноста на податоците од деловните книги и финансиските извештаи.

Препорака:

Градоначалникот на општината да преземе мерки и активности во насока на:

- заклучување и поврзување на деловните книги на крајот на фискалната година и отворање на деловните книги на почетокот на фискалната година и
- воспоставување на интегриран систем за водење на деловните книги согласно прифатената стандардна сметководствена практика и сметководствени стандарди.

## 3.2. Основ за неповолно мислење за усогласеност со закони и прописи

3.2.1. За одржување и уредување на паркови и зеленило, Општина Гевгелија врши плаќање согласно договори[10], со кои се финансира годишниот оперативен план на ЈПКД „Комуналец" Гевгелија, односно тековно оперативните трошоци и инвестициони вложувања.

Со увид во документација и донесените акти во рамки на спроведување на надлежноста за управување со зеленилото, ревизијата утврди:

- исплатите се вршени по доставени фактури, квартално со иста вредност и документација за извршениот обем на активности од годишниот план на ЈПКД „Комуналец", кои заклучно со 31.12.2023 година изнесуваат 15.516 илјади денари, а за кои општината не подготвила годишна програма за подигање, уредување и одржување на паркови и зеленило за 2023 година, која треба да биде усвоена од советот на општината. Отсуството на годишна оперативна програма за подигање и одржување на зеленилото, во која ќе се утврди видот и површината на зеленилото што ќе биде подигнато и одржувано, динамиката на подигање и начинот на одржување, процентот на озеленетост и неутврдениот надомест за одржување на јавното градско зеленило во буџетот, како извор за финансирање на активностите во тековната година, не е во согласност со одредбите на член 12 и член 39 од Законот за урбано зеленило.
- Советот на општината нема постапено согласно членот 12 од Законот за урбано зеленило, односно нема донесено Стратегија за развој на зеленилото, која ги дава насоките за креирање на планските решенија во делот на зеленилото при изработката на сите планови и проекти во поглед на заштита и унапредување на системот на зеленило, ниту има донесено основен план за подигање и развој на зеленилото за период од три до пет години, во кој ќе се утврди просторот кој треба да се озелени и процентот на озеленетост што треба да се реализира во соодветниот временскиот период, како и одлука за зеленило или друг правен акт со кој се уредува зеленилото.

Финансирањето на активности без донесени стратешки документи за развој на зелените површини во општината и годишни оперативни програми, влијае на управувањето со зеленилото и наменското користење на буџетските средства.

**Препорака:**

Градоначалникот да преземе мерки за:

---

[10] Договор за одржување и уредување на паркови и зеленило во општина Гевгелија број 03-269/1 од 08.02.2023 година за период 01.01.2023-31.03.2023 година, број 03-269/2 од 08.05.2023 година за период 01.04.2023-30.06.2023 година, број 03-269/3 од 03.07.2023 година за период 01.07.2023-30.09.2023 година и број 03-269/4 од 24.11.2023 година за период 01.10.2023-31.12.2023 година

- изготвување и донесување на Стратегија за развој на зеленилото, Одлука за зеленило и Годишна оперативна програма за подигање и одржување на зеленило;
- утврдување на надомест за одржување на јавното градско зеленило и активностите за одржување на зеленилото да се финансираат преку овој надоместок со целосна контрола во планираните и реализираните финансиски средства за извршување на годишните програми.

3.2.2. Од Буџетот на Општина Гевгелија за 2023 година, по основ на договори за дело и договори за вршење на услуги, склучени со 89 лица, исплатени се средства во износ од 6.995 илјади денари.

Со извршениот увид во доставената документација, а по однос на начинот на ангажирање на лицата, ревизијата утврди неправилности кај 19 од вкупно склучените договори и исплатени средства и тоа:

- за извршување на работни задачи за наставници, од страна на општината ангажирани се 8 лица по договор за дело, за период од шест месеци во три основни, едно средно општинско училиште и една јавна општинска установа[11], за кои се исплатени средства во износ од 809 илјади денари. Ваквото постапување од страна на општината не е во согласност со одредбите на член 9 став 1 од Законот[12] за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта каде е предвидено дека наставникот се избира по пат на јавен оглас од страна на училиштето и заснова работен однос на определено време до крајот на учебната година;
- за вршење на јавни работи[13], склучени се договори за вршење на услуги со 11 лица и исплатени се средства во вкупен износ од 686 илјади денари. Советот на општината нема донесено програма за јавни работи со која ќе се утврди постапката и критериумите за ангажирање на лицата, надзор над извршувањето на работите, месечниот надоместок за ангажираните лица и период на нивниот ангажман. Ваквиот начин на постапување не е во согласност со членовите 84 и 85 од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност кој предвидува јавните работи да се распишуваат јавно и под еднакви услови да бидат достапни за сите невработени кои се пријавени во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија.

Ваквото постапување на општината, доведува до субјективен пристап при одлучувањето за потреба од ангажирање на лицата по договори за дело и

---

[11] логопед, одделенски наставник, наставник во сектор здравство и социјална заштита, наставник по вештини на живеењето, наставник по природни науки и наставник по виолина

[12] „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161 од 5.8.2019 година

[13] чистење и одржување на градскиот фудбалски стадион, стадионите во населените места Миравци и Прдејци, уредување, чистење и одржување на Динќут, Вардарски рид и други јавни површини

договори за вршење на услуги и создава можност од нерационално и неекономично користење на буџетските средства.

Препорака:

Градоначалникот да преземе мерки и активности за пропишување на политики за потребата од ангажирање на лица врз основа на договор за дело и утврдување на критериуми за определување на висината на надоместокот.

Јавни набавки

Со цел уверување во усогласеноста на користењето на средствата на општината за 2023 година со Законот за јавни набавки, извршивме ревизија на начинот и постапките за доделување на договори за јавни набавки од аспект на законските барања: обезбедување на конкуренција меѓу економските оператори, еднаков третман и недискриминација на економските оператори, транспарентност и рационално и ефикасно искористување на средствата, како и реализацијата на доделените договори за јавни набавки.

Со ревизијата беа опфатени 2 постапки за јавни набавки спроведени во 2022 година и 10 постапки за јавни набавки спроведени во 2023 година чија реализација е во 2023 или вкупно 12 постапки за јавни набавки. Вредноста на договорите во ревидираните постапки изнесува 66.670 илјади денари со вклучен ДДВ што опфаќа 37,17% од вкупната вредност на доделените договори во износ од 176.780 илјади денари кои имаат реализација во 2023 година.

Врз основа на утврдените извори за финансирање, договорниот орган донесува план за вкупните потреби за набавки во тековната година по видови на стоки, услуги и работи, со кој го определува почетокот на постапката, проценетата вредност на договорот и видот на постапката за доделување на договорот. По потреба, договорниот орган во текот на годината може да го измени или дополни годишниот план за јавни набавки согласно со планираните и обезбедените средства за јавни набавки.

Од извршената анализа, ревизијата констатира дека Годишниот план за јавни набавки за 2023 година, во текот на годината бил менуван и дополнуван 8 (осум) пати, односно со првичниот план предвидени биле 37 постапки, а со последната измена и дополнување 59 постапки, што претставува 59,46% зголемување, а спроведени од последната измена на планот се 81,36% од предвидените постапки.

3.2.3. Од увидот на приложената документација за спроведените постапки за јавни набавки и нивната реализација ги утврдивме следните состојби:

- Во 2023 година општината извршила набавки под вредносните прагови предвидени во Законот за јавни набавки, кои според кварталната евиденција се во вкупна вредност од 35.964 евра, со што го надминале

вредносниот праг за 23.964 евра, утврден согласно одредбите на член 40 став 6 од Закон за јавните набавки. Иста е состојбата и во 2022 година, каде надминувањето на вредносниот праг изнесува 27.163 евра.

- Во 2023 година, без постапка за јавни набавки извршени се набавки во износ од 1.876 илјади денари и тоа за: угостителски услуги (1002 илјади денари), организирање на семинари и конференции (131 илјада денари), снимање, монтирање на седници и нивно поставување на Youtube (550 илјади денари), консултантски услуги (79 илјади денари) и чистење на инсталации (114 илјади денари).

Ваквиот начин на постапување не е во согласност со член 40 став 1 од Законот за јавните набавки и не обезбедува конкуренција меѓу економските оператори, еднаков третман и недискриминација на економските оператори, транспарентност и интегритет во процесот на доделување на јавни набавки, рационално и ефикасно искористување на средствата во постапките за доделување на договори за јавна набавка.

Препорака:

Градоначалникот да преземе мерки и активности, при донесување на Годишниот план за јавни набавки да се планираат вкупните потреби за набавки на стоки, услуги и работи согласно реалните потреби и расположливите средства за набавки за тековната година, заради навремено планирање и спроведување на соодветни постапки за јавни набавки.

## 4. Нагласување на прашања

4.1. Долгорочни вложени и здружени средства во Билансот на состојба на ден 31.12. 2023 година се проценети во износ од 5.834 илјади денари, што претставува вложувања во 25 обични акции со номинална вредност од 1.000 евра по акција на име основачки влог (25 акции по вредност од 1000 евра по акција) од КК „Кожув“ Гевгелија и во 1.362 акции со номинална вредност од 51.13 евра (69. 639,06 евра) од АД „Трансбалкан“ Гевгелија. Централниот депозитар на хартии од вредност со Извештај[14] за состојба на сметка го потврди вложувањето во 25 обични акции со номинална вредност од 1.000 евра по акција на издавачот КК „Кожув“ Гевгелија.

По известување[15] од мај 2024 година на Централниот депозитар на хартии од вредност, сметка на издавачот на хартии од вредност „Трансбалкан“ АД Гевгелија, се отстранува од активниот систем на Депозитарот, поради отворена стечајна постапка согласно Решение[16] за отворање на стечајна постапка и на

[14] Извештај за состојба на сметка 1003498838 од 14.05.2024 година
[15] Број 08-2071/2 од 31.05.2024 година
[16] Објавено во „Службен весник на РМ“ број 47/2016 од 10.03.2016 година

издавачот и на сопствениците не им се издаваат изводи. Општина Гевгелија била евидентирана како сопственик на 1.362 акции, издадени од „Трансбалкан" АД Гевгелија со предавање на акционерската книга на 27.11.2011 година. Со предметните акции не се вршени други промени се до март 2016 година, кога на издавачот Трансбалкан" АД Гевгелија е отворена постапка за стечај.

Истакнуваме дека одговорните лица во Општина Гевгелија треба да преземат активности за оценка на објективната вредност на финансиските средства по овој основ и да предложат соодветен акт за постапување.

## 5. Законска основа за ревизијата и временски период

Ревизијата на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2024 година, согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

Ревизијата е планирана и извршена во периодот од 18.03.2024 до 30.05.2024 година кај Општина Гевгелија, сметка на основен буџет (637) од тим на Државниот завод за ревизија.

Од страна на Државен завод за ревизија извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи за 2008 година (претходно извршена ревизија) при што е изразено неповолно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и неповолно мислење за усогласеност со закони и прописи.

Спроведувањето на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2008 година, не беше предмет на оваа ревизија, од причина што од последната ревизија на општината изминат е подолг временски период и настанати се промени во законската регулатива со која е уредено работењето.

## 6. Опфат и ограничувања

Нема ограничувања во опфатот на ревизијата.

## 7. Одговорност за финансиски извештаи

Финансиските извештаи се одговорност на градоначалникот на Општина Гевгелија, застапувано од:

- Андон Сарамандов, градоначалник на Општина Гевгелија од 08.11.2021 година.

.

Оваа одговорност вклучува изготвување, имплементација и одржување на внатрешна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите. Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 8. Одговорност на ревизорите

Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

Разумно уверување е високо ниво на увереност, но тоа не е гаранција дека при извршената ревизија согласно со ISSAI секогаш ќе бидат откриени сите материјално погрешни прикажувања кога таквите постојат, како и сите грешки и неусогласености со закони и прописи. Погрешните прикажувања може да се резултат на измама или грешка и се сметаат за материјално значајни, ако поединечно или во вкупен износ, можат да влијаат на економските одлуки на корисниците донесени врз основа на овие финансиски извештаи.

Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи на Општина Гевгелија врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува

и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и расходите се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на одговорното лице на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Комуницираме со оние кои се одговорни за управувањето во врска со планираниот опфат и временски распоред на ревизијата и значајните наоди во ревизијата, вклучувајќи ги и сите значајни недостатоци во внатрешната контрола што сме ги утврдиле во текот на ревизијата.

## 9. Недостатоци во внатрешната контрола

9.1. При оценка на системот на внатрешни контроли, кај процесот на набавки и плаќања во делот на прием и евиденција на документите во деловните книги, како и плаќање на обврските, а со цел да се утврди дали истите се дизајнирани и функционираат согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола[17] и Стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор[18], поради нивното влијание на реално и објективно презентирање на финансиските извештаи и усогласување на работењето со законите, ревизијата го констатира следното:

- не е донесена пишана процедура за текот на движење на документацијата и одобрување на истата од одговорните лица во соодветните сектори/одделенија. Воспоставената контрола при

[17] „Сл. весник на Република Македонија“ бр. 90/09, 188/13, 192/15 и 147/17
[18] „Сл. весник на Република Македонија“ бр. 147/10

реализација на договорите за набавка на стоки и услуги, се заснова на одобрување на влезната документација (фактури и времени ситуации) од лице-надзор назначено од градоначалникот, кое учествувало во постапката на јавната набавка. Надзорот ја потврдува набавката дека е извршена согласно условите утврдени во договорот, без да изврши квантитативна, квалитативна и финансиска контрола на извршените работи и не обезбедува доволно ниво на ефикасност и сигурност за да се спречи ризик од неосновани плаќања по основ на одобрена финансиска документација, што не е во согласност со член 16 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и стандард 12 за внатрешна контрола во јавниот сектор;

- буџетот на Општина Гевгелија се распределува врз основа на Решение за внатрешна распределба по одделенија, односно сектори, за кои градоначалникот не назначил лица овластени за преземање на финансиски обврски и лица за плаќање согласно одредбите на член 15 од ЗЈВФК. Фактурите се доставуваат до секторот за финансиски прашања **без барање за плаќање** со соодветна пропратна документација: договор за набавка, фактура/ситуација, документ за потврдување на приемот и листа за проверка (чек листа).

Напред наведеното укажува дека во Општина Гевгелија недоволно се преземени активности за воспоставување и функционирање на системот на внатрешни контроли во процесот на набавки и плаќања согласно законските одредби, што влијае на финансиското управување и контрола и ефикасно остварување на целите на општината.

Препорака:
Градоначалникот на општината да преземе мерки и активности за воспоставување на систем на внатрешни контроли и донесување на пишани процедури и постапки кај процесот на набавки и плаќања во делот на прием и евиденција на документите во деловните книги за преземените финансиски обврски како и плаќање на обврските.

## 10. Корекции во текот на ревизијата

Во текот на ревизијата од надлежните на општината прифатени се корекции дадени од Државниот завод за ревизија, односно во сметководствената евиденција извршени се корекции на сметката Активни и Пасивни временски разграничувања, во делот на Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените, кај Постојаните средства и Извори на капитални средства, поради неевидентирани обврски за плати и надоместоци на плати на вработените за месец декември 2022 и 2023 година и не пренесени почетни состојби на сите состојбени сметки од 2021, 2022 и 2023 година.

Вкупниот ефект од извршените корекции се зголемување на активата за 2.271.295 илјади денари и пасивата за 1.296.956 илјади денари.

Корекцијата е спроведена во налог бр.0002 од 17.04.2024 година со состојба 01.01.2024 година.

## 11. Одговор на ревидираниот субјект

Прашањата кои ги покрива овој конечен извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на Општина Гевгелија одржан на ден 12.06.2024 година, за кои дадоа свои коментари и објаснување.

Од страна на законскиот застапник на субјектот Општина Гевгелија, на ден 06.08.2024 година, добиено е известување дека нема забелешки на Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор.

**Општина Гевгелија**

**Сметка на основен буџет (637)**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2023 година**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2023 | 2022 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 258.519 | 202.886 |
| **Вкупно приходи** | | **258.519** | **202.886** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1. | 47.553 | 42.929 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.2.2. | 526 | 795 |
| Стоки и услуги | 3.2.3. | 67.934 | 78.225 |
| Каматни плаќања | 3.2.4. | 1.908 | 11 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.5. | 42.901 | 23.258 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **160.822** | **145.218** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 85.494 | 45.465 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **85.494** | **45.465** |
| **Отплата на главнина** | 3.4. | **12.203** | **12.203** |
| **Вкупно расходи** | | **258.519** | **202.886** |

Општина Гевгелија

Сметка на основен буџет (637)

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ 2023

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2023 | 2022 |
|---|---|---|---|
| Актива | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 119 | 7 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.2. | 64.525 | 72.462 |
| Залихи | 4.1.3. | 97 | 35 |
| **Вкупно тековни средства** | | **64.741** | **72.504** |
| **Постојани средства** | | | |
| Нематеријални средства | 4.2.1. | 46 | 46 |
| Материјални добра и природни богатства | 4.2.2. | 58.505 | 58.505 |
| Материјални средства | 4.2.3. | 2.432.115 | 1.097.050 |
| Материјални средства во подготовка | 4.2.4. | 291.721 | 222.734 |
| Долгорочни кредити и позајмици дадени во земјата и странство и орочени средства | 4.2.5. | 5.834 | 5.834 |
| **Вкупно постојани средства** | | **2.788.221** | **1.384.169** |
| **Вкупна актива** | | **2.852.962** | **1.456.673** |
| **Пасива** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 60.283 | 69.580 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.3.2. | 24 | 0 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.3. | 4.218 | 2.882 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.4. | 291.840 | 222.741 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **356.365** | **295.203** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4. | 2.496.597 | 1.161.470 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **2.496.597** | **1.161.470** |
| **Вкупна пасива** | | **2.852.962** | **1.456.673** |

Општина Гевгелија

Сметка на основен буџет (637)

ПРЕГЛЕД

НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2023 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Состојба 01.01.2023 година | 1.155.555 | 5.915 | 1.161.470 |
| | | | |
| **Зголемување по основ на:** | **2.287.625** | **126** | **2.287.751** |
| Набавки во текот на годината | 72.414 | 126 | 72.540 |
| Корекција-пренесени набавки од минати години | 2.214.657 | | 2.214.657 |
| Корекција-пренесена ревалоризација од минати години | 554 | | 554 |
| | | | |
| **Намалување по основ на:** | **952.560** | **64** | **952.624** |
| Отпис на ситен инвентар (во употреба) | - | 64 | 64 |
| Амортизација за 2023 | 74.314 | | 74.314 |
| Корекција-пренесена амортизација и ревалоризација од минати години | 878.246 | | 878.246 |
| Состојба 31.12.2023 година | 2.490.620 | 5.977 | 2.496.597 |